РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar: 23-06-2023
Орг. един. / Nj. org: 08 | Број / Numri: 1086/1 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlera:

# Наставнапрограма за слободенизборен предмет:

## „Креативно творештво "

## учебна 2023/2024 год.

**ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

| | |
|---|---|
| Изготвил: | **Радмила Едровска, наставник по ликовно образование** |
| Училиште : | ООУ „Никола Карев" - Кочани |
| Вид/категорија на наставен предмет | **Слободен изборен предмет** |
| Одделение | **IV (четврто)** |
| Теми/подрачја во наставната програма | **Цртање, Сликање, Вајарство** |
| Број на часови | **36** |
| Опрема и средства | • Аудиовизуелни средства (телевизор, ДВД-плеер, ЛЦД-проектор, касетофон, дигиталенфотоапарат, дигитална камера, компјутер, паметнатабла, таблет за цртање, печатач или другидигиталниуреди)<br>• Интернет, образовнисофтвери<br>• Средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, фломастери, мрсни боици, бајц, лавиран туш, перце, креди, дрвце, јаглен, природни и вештачкиматеријали, штафелаи)<br>• Средства и материјали за сликање (акварел, темпера, пастел, материјал за колажирање)<br>• Средства за пластично обликување и градење (пластелин, глина, глинамол, тесто, пластика, амбалажа, алуминиумскафолија, жица, конец, ткаенина,песок, снег, стиропор и др.) |

| | |
|---|---|
| | • Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, книги, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти) |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕСТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следното подрачје: **Уметничко изразување и култура**

*Ученикот/ученичкатазнае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VIII-А.1 | да манифестирапознавање на различнитеформи на уметничкоизразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелнитеуметности, изведбенитеуметности, декоративнитеуметности, архитектурата, дизајнот) |
| VIII-А.3 | да гиизразувасопствените идеи, искуства и емоции, користејќиуметнички или другиформи на креативно изразување (индивидуални или колективни) |
| VIII-А.4 | да гиинтерпретираидеите, искуствата и емоциитеизразени во уметничкитепродуктикреирани од други кои се припадници на сопствената или на другикултури |
| VIII-А.5 | да манифестирапознавање на сопственатакултура и на различните начини на нејзиноизразувањепрекувизуелнитеуметности, градбите и другитекултурнипродукти |
| VIII-А.6 | да гиидентификуваразликите и сличноститемеѓусопственатакултура и другитекултури во своетопотесно и поширокоопкружување и да јаанализиранивнатаповрзаност и меѓузависност |

*Ученикот/ученичкатаразбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VIII-Б.2 | критичкиотоднос кон различнитепродукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општественитеестетски вредности |

**Наставната програма вклучува дополнителни релевантни компетенции и од следните подрачја на Националните стандарди: Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура и Техника, технологија и претприемништво.**

*Ученикот/ученичкатазнае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| IV-A.2 | да процениикога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективнокористење на ИКТ |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземедигиталниподатоци, информации и содржини |
| IV-A.8 | на безбеден и одговорен начин да гикористидигиталнитесодржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопственразвој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивноостварување |
| V-A. 7 | да гикористисопственитеискуства за да си гоолесниучењето и да гоприлагодисопственотоодnесување во иднина |
| V-A.1 | да применуваетичкиначела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓитепостапки и да манифестирадоблесникарактерниособини (какошто се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина) |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќиемпатија и разбирање за другите и да гиискажувасопственитегрижи и потреби на конструктивен начин |
| VI-A.5 | да прави разликамеѓулуѓето по која било основа (родова и етничкаприпадност, возраст, способности, социјален |
| VII-A.9 | активно да учествува во тимска работа спредпретходноусвоени правила и со доследнопочитување на улогата и придонесот |

*Ученикот/ученичкатаразбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталнатаписменост е неопходна за секојдневнотоживеење – гиолеснуваучењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разнисожности за забава |
| IV-Б.5 | информациитедостапни во дигиталниот простор треба да се користатетички, спореддефинирани правила и за добро на луѓето |
| IV-A.8 | Треба на безбеден и одговорен начин да гикористидигиталнитесодржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните |

| | |
|---|---|
| V-Б.3 | сопственитепостигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудоткојсамиот/саматаговложува и од резултатите кои самиот/саматагипостигнува |
| V-Б.4 | секојапостапкакојајапреземаимапоследици по него/нea и/или по неговата/нејзинатаоколина |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – какоштоима право од другите да бара да му/ѝ биде овозможенозадоволување на сопственитеинтереси и потреби, такаима и одговорност да им даде простор на другите да гизадоволатсопственитеинтереси и потреби |

## РЕЗУЛТАТИ ОДУЧЕЊЕ

**Тема 1.** *Цртање 12 часа*

***Знаења/вештини:***

- Ги препознава користените средства, ликовни елементи и принципи во сопствените и цртежите на другите
- Употребува разновидни линии во цртањето – контрастни, контурни, симетрични и асиметрични и создава композиција од многу детали
- Црта мотиви од околината со примена на рамнотежа, волумен, пропорција, волумен и структурира цртеж на кој се одредува близина/далечина на предметите
- Применува невообичаени средства за цртање ( обично од природата – ќерамиди, дрвца, јаглен, бајц, листови, гранки и сл. ) и креира уникатни уметнички дела
- Проценува специфични цртежи кои содржат многу детали и во кои се користени различни техники
- Открива и користи компјутерски програми за создавање цртежи – констуира компјутерски цртеж

***Ставови/вредности:***

- Почитува мислења и ставови од другите околу него
- Почитува уметност и уметнички дела
- Усвојува знаења да работи самостојно и во група
- Прифаќа дека треба да нуди и да прима помош од другите
- Подготвен/а е да презема активности кои му овозможуваат полесно да ја совлада темата
- Верува дека може да постигне повеќе и се труди да достигне повисок развоен степен во цртањето
- Разбира декатреба да се грижи за сопствениот и училишниот прибор за работа
- Верува дека со секој повторен обид ќе ги надминува предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување
- Се залага за подобрување и продлабочување на знаењата

| ***Содржини (поими) и бр.на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| Вообичаени и невообичаени средства за цртање и нивна примена:<br>( вообичаени – молив, креди-бела и во боја, мрсни бои, фломастери и сл. и невообичаени – дрвца, јаглен, бајц, лавиран туш, ќерамиди, гранки, лисја и сл. )<br>2 часа | Учениците, поделени во групи истражуваат на интернет што се може да се користи како средства за цртање и собираат природни материјали од околината кои би можеле да ги искористат во цртањето – 1 час. Со комбинирање на веќе користените средства за цртање самостојно создаваат креативни, невообичаени цртежи како уметнички дела, на тема кои сами ја одбираат. На крајот од часот ги изложуваат изработките во холот – 2 час. |
| Создавање композиција:<br>( детал, хармонија, симетрија/асиметрија, волумен, пропорција, рамнотежа, контури, контраст, ликовен елемент, ликовен принцип, композиција )<br>2 часа | Учениците во воведниот дел од часот се присетуваат кои се основните ликовни елементи и принципи и какви видови линии постојат,за да во главниот дел цртаат мотиви од околината, природни појави, случки од секојдневниот живот со примена на истите и со што повеќе детали во цртежот како целина – композиција. На вториот час прават заедничка процена на цртежите без да |

| | |
|---|---|
| | знаат кој на кого е и со самооценување прават градација и избираат кои се петте најдобри цртежи за украсување на училницата. |
| Просторно цртање:<br>( сенка, осветлување, затемнување, оддалечување во просторот, приближување, техники за цртање, зголемување и намалување на предметите според близината/далечината, мрак, сјај )<br>3 часа | Учениците директно ја набљудуваат блиската околина и воочуваат карактеристики како: дрво што е поблиску наспроти тоа што е подалеку и како изгледаат – дали се посветли или потемни, тревата во сенка и тревата на сонце, птицата на гранка или птицата на небо и сл. Разговараме за природата и ликовните елементи и техники кои можат да ги применат во цртањето подоцна ( пропорција, детали, волумен, хармонија, композиција ) – прв час,<br><br>На вториот час учениците се присетуваат на техниките за осветлување/затемнување со молив, јаглен или туш, се делат во 4 групи и на хамер прават композиција според заеднички договор што ќе нацртаат но, тоа да биде мотив од околината, домот, училницата, природна појава, случка од животот и сл., а и секоја група избира што ќе користи од цртачките средства и материјали. Во позадина додека цртаат свири музика со имитација на звуци од природата.<br><br>На третиот час, секоја група презентира што нацртала, кои биле предизвиците, дали се задоволни, како се чувствувале, како ги поделиле обврските и сл., ана крајот од часот ги лепат заедничките композиции на пано во училницата. |
| Цртање простор на компјутер - слободен избор<br>( простор, плоштина, форма, волумен,пропорција, | Учениците откриваат програми за цртање на компјутер, прво самостојно, а потоа со заеднички дијалог разменуваат искуства и ги објаснуваат новите |

| | |
|---|---|
| градација, отворен и затворен простор)<br>3 часа | програми – што можат да нацртаат со нив. Се делат во 3 групи, секоја избира на кој програм ќе работи и што ќе црта, се групираат околу компјутерот и еден од групата ја презентира идејата – 1 час,<br><br>2 час – учениците цртаат на компјутерот различни форми, отворен или затворен простор, волумен на геометриски фигури, изразуваат плоштина и сл., со учество на секој член на групата и взаемно договарање, тивко, без да си сметаат со другите групи,<br><br>3 час – друг член од групата го презентира нацртаното, го опишува начинот и постапката на работа, конечниот производ – композицијата, а членовите од другите групи можат да поставуваат прашања, да востановуваат грешки или да одобруваат со аплаузи. По завршување со презентацијата на трите групи, цртежите се зачувуваат, се принтаат и се изложуваат во училницата како заеднички проект. |
| Анализа и проценка на цртежи – (опис, анализа, процена, вреднување, графика, уметност, презентација) –Ешер, Корубин...<br>2 часа | Учениците разгледуваат цртежи од познати ликовни автори ( Ешер, Корубин ), ги анализираат цртежите, прават разлики помеѓу нив во однос на стилот на двајцата уметници, средствата кои ги користат во цртањето, колку детали се пртставени во повеќе композиции и сл. – 1 час,<br><br>2 час – Учениците проценуваат врз основа на сопствениот вкус што повеќе им се допаѓа, кој стил им е поблизок до нивниот, опишуваат според анализата, заклучуваат за уметноста, се запознаваат со делата на уметниците и доброволци презентираат избрано дело од некој од авторите. Доколку сакаат |

| | |
|---|---|
| | можат да испечатат некои највпечатливи уметнички дела и да ги изложат во училницата или холот. |

**Тема2.** *Сликање 12 часа*

***Знаења/вештини:***

- Го дефинира поимот сликање, разликува средства, материјали и техники во сликањето
- Користи различни елементи, принципи, бои, средства и техники во создавањето слика
- Разлика тонови во околината и ги претставува со сликање
- Дизајнира слика со помош на компјутер

***Ставови/вредности:***

- Почитува мислења и ставови од другите околу него
- Смета дека треба да работи самостојно и во група
- Прифаќа дека треба да нуди и да прима помош, подршка од другите
- Подготвен/а е да презема активности коиму овозможуваат полесно да ја совлада темата
- Верува дека може да постигне повеќе
- Разбира дека треба да се грижи за сопствениот и училишниот прибор за работа
- Почитува уметност и уметнички дела.
- Верува дека со секој повторен обид ќе ги надминува предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување
- Се залага за подобрување и продлабочување на знаењата

| ***Содржини (поими) и бр.на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| | |

| | |
|---|---|
| Нови средства и техники за сликање:<br>( гваж, пастел, тушеви во боја, акварел, колаж, предмети и плодови како средства за сликање, природни бои )<br>2 часа | Учениците следат презентација од наставникот за различни сликарски бои кои ретко се користат ( на пр. природните бои од цвекло, потокал, домат, магдонос, морков, какао, земја, вар и сл. ), невообичаени техники и материјали за сликање – гваж, предмети и плодови, тушеви во боја, колаж од хартија во боја и сл. и со бура на идеи даваат предлози што се може да се користи за сликање и како се одржува хигиената во процесот на сликање. Потоа се подготвуваат за сликање со предметите, плодовите или боите кои ги донеле од дома – 1 час,<br>Учениците сликаат на мотив ,, Мртва природа “, ,, Есента во мојот крај “ или ,, Моето родно место “ и ги презентираат изработките пред соучениците, образложувајќи што користеле како средства и материјали и од што е добиена бојата – 2 час. |
| Боите како основа во сликањето во комбинација со ликовните елементи и принципи:<br>( спектар на бои, тон,  топли и ладни бои, хроматски и ахроматски бои, текстура, простор и насока, големина, форма, комплементарен контраст и комплементарни парови, ритам на бои, хармонија на бои, градација на бои и тонови, рамнотежа, пропорција)<br>7 часа | 1 час: Учениците ги усвојуваат новите поими – спектар, комплементарен контраст, кои се топли, а кои ладни бои, кои се хроматски, а кои ахроматски бои, како се прави градација на тонови и бои, како се вклопуваат ликовните елементи како: пропорција, форма, големина, простор, насока, текстура, рамнотежа во сликата, а сето тоа со почитување на ликовните принципи,<br><br>2 час – Учениците ги применуваат стекнатите знаења и анализираат сликарски дела на компјутер за да одредат какви бои се користени, каква е техниката, текстурата, кои ликовни елементи се применети, кои ликовни принципи доминираат и сл., |

| | |
|---|---|
| | 3 час – Учениците сликаат на тема ,, Цвеќиња “ за да ги прикажат топлите бои ( 1 група ) и ладните бои ( 2 група ), техника темпера.<br><br>4 час – Учениците сликаат на тема ,, Геометриски фигури “ со комплементарен контраст ( црвено-зелено, виолетово-жолто и сл.), а истовремено запазувајќи големина, форма, пропорција и сл.,техника – акварел.<br><br>5 час – Учениците создаваат слика со тонска градација ( додавање на бела и црна боја ) на тема: ,, Листови во различна форма и големина “ при тоа запазувајќи и форма, големина, симетрија/асиметрија. Користат техника гваж.<br><br>6 час – Учениците изработуваат ,, Народна носија “, со многу детали, форми – симетрични и асиметрични, големини, со контрастни бои од ткаенини, конци, украси, копчиња, чипка и сл.,<br><br>7 час – Учениците од хартија во бои изработуваат колаж на мотив ,, Виножито “, каде користат спектар на бои, насока, ритам, хармонија на бои како ликовни елементи. |
| Запознавање, анализа и вреднување на сликарски уметнички дела:<br>( Ван Гог, Пол Гоген, Да Винчи, Личеноски )<br>3 часа | 1 час – Учениците разгледуваат слики од познати светски и домашни автори на компјутер ( селектирани од наставникот ), воочуваат кои стилови се карактеристични за сликарот, прават процена според |

| | |
|---|---|
| | сопствените вредности и отвораат дискусија за нивните дела и творештво.<br><br>2 час – Учениците пробуваат да ископираат некое дело од авторите кое им оставило најголем впечаток и трудејќи се да ги задржат основните карактеристики и користени елементи на авторот со техника која најмногу им одговара – работат самостојно пред компјутер и сликаат или на клупа со испечатена слика пред нив,<br><br>3 час – Учениците ги анализираат цртежите, ги селектираат според карактеристики одредени од наставникот, заеднички ги оценуваат и прават изложба во училницата. |

**Тема3.** *Вајарство 12 часа*

***Знаења/вештини:***

- Идентификува и разликува разновидни облици и градби
- Употребува разновидни средства и материјали за обликување и градење
- Изработува облици, моделира и гради 3 Д форми
- Препознава и споредува споменици, музеи, бисти, скулптури и архитектурни градби
- Користи адаптирани компјутерски програми за обликување и градење

***Ставови/вредности:***

- Почитува мислења и ставови од другите околу него
- Смета дека треба да работи самостојно и во група
- Прифаќа дека треба да нуди и да прима помош, поддршка од другите
- Подготвен/а е да презема активности коиму овозможуваат полесно да ја совлада темата
- Верува дека може да постигне повеќе
- Разбира дека треба да се грижи за сопствениот и училишниот прибор за работа
- Почитува уметност како што е вајарството
- Верува дека вајарството е значајно за развојот на личноста
- Има позитивен став да манифестира познавање на различни видови уметност

| ***Содржини (поими) и бр.на часови*** | ***Примери на активности:*** |
|---|---|
| Запознавање со вајарството како уметност:<br>( пластично обликување, моделирање, 3 Д форми, ликовни елементи – пропорција, простор, форма, големина, волумен, симетрија, градење, видови градби – архитектура, асамблаж, релјеф, портрет, скулптура, споменик, биста )<br>3 часа | Учениците се запознаваат со основните облици, моделарството, градењето како составен дел на уметноста – Вајарство преку слики, презентации на смарт табла или компјутер, линкови за посета на туристички атракции, весници, реклами, брошури, спотови и сл. Наставникот претходно подготвен им ги објаснува карактеристиките на сите форми на работа, нагласува кои ликовни елементи и принципи се применуваат и преку дијалог го повторуваат наученото – 1 час,<br>Учениците одат на прошетка во најблиското опкружување за да посетат споменик, биста, скулптура, портрет, архитектурна градба, релјеф и одблизу се запознаваат со вајарството како уметност и ги воочуваат лично карактеристиките на градбите и елементите – пропорција, форма, симетрија/асиметрија, големина и сл. – 2 часа<br>( Доколку во околината нема такви градби, тогаш се присетуваат на примери од посетените вајарски дела на екскурзијата – Скопје, Охрид и сл.). |
| Основни и природни материјали и средства за обликување, моделирање и градење:<br>( хартија, пластика, гума, глина, глинамол, тесто, амбалажа, алуминиумска и стреч фолија, ткаенина, жица, конец, коноп, песок, снег, стиропор, играчки, коцки, цемент, малтер и сл. )<br>2 часа | Учениците идентификуваат и препознаваат различни материјали за обликување, моделирање и градење ( хартија, пластика, гума, глина, глинамол, тесто, амбалажа, алуминиумска и стреч фолија, ткаенина, жица, конец, коноп, песок, снег, стиропор, играчки, коцки, цемент, малтер и сл. )<br>и на блок часови, поделени во 4 групи изработуваат различни облици, со различни материјали: На пр. првата група од играчки, коцки да изградат автомобилска патека за трка со автомобила, втората од текстил, конец, копчиња и тесто, да направат жена во селска носија, третата со жица, коноп и |

| | |
|---|---|
| | пластика да формираат 2 Д форми, а четвртата со глина да моделира дланки во полуотворена форма и сл. – 2 часа |
| Изработка на облици и градби:<br>(макета, архитектонска градба, статика, темел, иметрични и асиметрични градби, рециклирање )<br>5 часа | 1 час – Учениците обликуваат волуменозна композиција со разновидни форми ( на пр. овошје и зеленчук ) од пластелин или глинамол,<br>2 час – Учениците моделираат релјефна форма од примери во природата со песок, цемент и вода ( малтер ) или само со кал во дворот на училиштето,<br>3 час – Учениците од рециклирана амбалажа , кутии, коцки, пластика и сл. прават макета на фабрика или училиште ( урбана градба ),<br>4 час – Учениците со комбинирање на материјали изработуваат геометриски фигури ( 3 Д форми ) со различни форми, големина, волумен, боја и сл.,<br>5 час – Учениците со пластелин или глина обликуваат човечки или животински фигури со контрасни форми и различна големина. |
| Анализа, вреднување и процена на вајарски дела ( релјеф, портрет, скулптура, споменик, биста, рхитектура )<br>2 часа | Учениците играат квиз на поставени прашања од наставникот и со покажување на слики од познати и веќе учени вајарски дела ( облици, градби ). Тие погодуваат, ги собираат поените и прогласуваат победник на квизот – 1 час,<br><br>Учениците во 2 кутии ( 1 за тие што им се допаѓаат и 1 за тие што помалку им се допаѓаат ) стават испечатени слики, слики од весници, фотографии од познати градби. На крај ги пребројуваат, секој ученик извлекува по една и опишува зошто му се допаѓа/не му се допаѓа и што би променил на неа. – 1 час. |